| | |
|---|---|
| Неделна тема | „Моето семејство- мое богатство“ |
| Содржина<br>на денот: | Цртање на тема:„Семејна слика“ |
| Возраст: | 3-4 години |
| Воспитувач: | Емилија Стојкова |
| | Дневни активности |
| Здрави<br>и безбедни навики: | Разговор за правилни и безбедни навики при кашлање и кивање.(сл.1). |
| Активности: | Разгледувајте го албумот со семејни фотографии, (сл.2) набројувајте и опишувајте ги членовите на потесното и поширокото семејство, пр: Ајде опишија мама-таа има виткана коса, кафени очи, висока е итн (сл 3). Понудете му на детето блок, дрвени боици, пастелни боици и назначете му да го наслика семејството.<br>Може и да исечете контура на секој член од семејството (сл 4), а детето во внатрешноста да го нацрта членот на семејството. За коса може да залепите волница и детето да ја обликува со ножички (сл 5), се разбира со Ваша помош. Најдете погодно место во домот каде ќе ги изложите изработките на детето.Не заборавајте да го пофалите!<br>Прочитајте им го текстот:<br>„Моето семејство е мое богатство“<br>Марија и Веско се другари од градинка. Тие многу сакаат заедно да играат, да се гушкаат, да се поздравуваат со пукање на рацете. Сепак денеска не е баш така. Тие мораа да научат друг забавен начин на поздравување. Се погледнуваат во лицето и со насмевка блага се поклонуваат еден спрема друг и не се гушкаат повеќе, туку нивната насмевка на лицата ги гушкаше доволно силно, што потврдуваше дека тие се најдобри дугари. |

| | |
|---|---|
| | Еден ден седнаа во паркот, еден на едната клупа, а другиот на другата клупа и долго разговараа.<br>-Марија, јас многу сакам да ја играме играта: „Скриеното богатство“!<br>-Ех, се сетив, извика Марија, сите другарчиња трчавме во градината без да внимаваме дали ќе бидеме во близина и дали од среќа ќе се гушнеме. Го баравме скриеното богатство во целиот двор на градинката.<br>Со тажна насмевака Веско рече дека сега неможе да ја играат оваа убава игра.<br>-Веско, немој да се растажуваш, за мене најважно е моето богатство да биде среќно! Тогаш Веско зачудено ја погледна и рече:<br>-Како може богатството да биде среќно?<br>-Може, извика Марија. Моето најголемо богатство се мама, тато и бато....и ти Веско! Јас ќе бидам среќна, ако сте Вие среќни.<br>Веско ја погледна Марија со сјај во очите и се насмевна.<br>Навистина е така другачиња мои: СЕМЕЈСТВОТО Е НАЈГОЛЕМОТО БОГАТСТВО!<br>Текст: Емилија Стојкова |